# Отворен повик за координатор за Кичевскиот регион

Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест од Скопје во рамки на проектот „Децентрализација на праведната транзиција", објавува повик за ангажирање на координатор за Кичевскиот регион.

Повикот е отворен од 30.01.2022 година за сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат барањата од повикот и ќе ги поднесат следните документи:

- Биографија (CV);
- други документи кои ги докажуваат квалификациите и искуството (доколку кандидатот посадува такви документи).

Позицијата е за 1 лице кое ќе ги задоволи барањата од повикот.

# Барања на повикот

## Општо за организацијата

Еко-свест е здружение на граѓани основано на 18.09.2002 година. Во 2008 година, Еко-свест го менува својот назив во „Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест" со цел најдобро да ја отслика својата дејност, мисија и визија.

Главната цел за формирањето на здружението лежи во потребата да се зголеми јавната свест за неопходноста од грижа за животната средина во Македонија, преку информирање, едуцирање и застапување.

Еко-свест од самиот почеток работи на темите тесно поврзани со заштитата на животната средина и тоа:

- одржлив транспорт;
- обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност;
- одржливо управување со отпадот;
- заштита од хемикалии и тешки метали;
- заштита од генетски модифицирани организми.

Како хоризонтални прашања кои ги тангира организацијата, но и нејзини главни определби се информирањето и едукацијата на граѓаните во Македонија, учеството на јавноста во донесувањето одлуки од област на животната средина, транспарентното и отчетното работење на јавните институции, јавни пари за јавни придобивки, пристап до правда во област на заштита на животната средина.

Во својата работа, Еко-свест спроведува проекти, јавни кампањи, застапува одредени ставови поврзани со проблематиката и генерално информира врз база на спроведени анализи, истражувања и анкети. Во своето досегашно работење, Еко-свест има спроведено над 60 проекти во Македонија и регионот.

Мисијата на Еко-свест е да истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина.

Еко-свест поддржува и поттикнува граѓанска свесност и активно учество и промовира практични решенија во соработка со организации и институции. Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и во хармонија со животната средина.

## Квалификации и искуство

За позицијата ќе бидат разгледувани кандидати со следниве квалификации и искуство:

- одлично познавање на Кичевскиот регион со особен осврт кон енергетскиот аспект и основни познавања од областа на енергетската транзиција;
- одлично интегрирани во локалната заедница во Кичевскиот регион, односно да имаат воспоставено добра комуникација со локалните заедници од регионот (клучна квалификација);
- извонредни комуникациски вештини (за орална и писмена комуникација) и способност за работа под притисок;
- одлични организаторски способности, способност за тимска работа и работа со крајни рокови;
- техничка писменост и познавања од работа на компјутери, како и способност брзо да учат и да се надоградуваат;
- познавање на албански јазик ќе се смета за предност;
- да поседува сопствено возило и возачка дозвола Б категорија.

## Работни задачи

- Да остварува и одржува контакт со локалните заедници во Кичевскиот регион на редовна основа со цел нивна поддршка во праведна транзиција на регионот;
- Да остварува и одржува соработка со сите релевантни чинители во Кичевскиот регион на редовна основа, како и да ги информира и консултира во врска со праведната транзиција во земјата;
- Да остварува организирани средби со локалните чинители во Кичевскиот регион најмалку еднаш во месецот, како и да доставува записници за истите;
- Да организира две тркалезни маси, како и да пружа поддршка на останатите проектни активности на Еко-свест во Кичевскиот регион доколку има потреба;
- Да изготвува наративни извештаи на барање на Еко-свест, како и финален извештај по завршување на ангажманот;
- Да ги почитува политиките на Еко-свест.

## Позиција

Позицијата за која се бара лицето е координатор за Кичевскиот регион (1 лице). Лицето е предвидено да биде надворешен соработник коешто ќе биде ангажирано во периодот од 15.02.2022 до 30.09.2022 година.

## Потребни документи

- Биографија (CV);
- други документи кои ги докажуваат квалификациите и искуството (доколку кандидатот посадува такви документи).

## Прашања во врска со повикот

Сите прашања во врска со повикот може да се постават на следната електронска адреса: info@ekosvest.com.mk најдоцна до 28.01.2022 година.

## Пријава за повикот

Сите кандидати треба бараната документација да ја пратат најдоцна до 30.01.2022 година до 16:00 часот на следната електронска адреса: info@ekosvest.com.mk со наслов на пораката: Пријава за координатор за Кичевскиот регион.

Сите поднесени документи во дадениот рок ќе бидат разгледани и најсоодветните кандидати ќе бидат повикани на разговор. Поради ковид мерките, разговорите ќе бидат реализирани преку платформата Zoom.

Ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе бидат избрани за разговор.